ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА
ENTI SHTETËROR I REVIZIONIT
STATE AUDIT OFFICE

# КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ
# ЗА ИЗВРШЕНА РЕВИЗИЈА НА
# ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАИ И РЕВИЗИЈА НА УСОГЛАСЕНОСТ
# ЗА 2020 ГОДИНА НА
# ЈАВНА ЗДРАВСТВЕНА УСТАНОВА
# УНИВЕРЗИТЕТСКА КЛИНИКА ЗА ДРЖАВНА
# КАРДИОХИРУРГИЈА - СКОПЈЕ
# СМЕТКА ЗА СРЕДСТВА ОД ФОНДОТ (737)

01 2021 06 03/1

**Скопје, јануари 2022 година**

# С О Д Р Ж И Н А


| **Опис** | **Страна** |
|---|---|
| КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР | 1 - 22 |
| Финансиски извештаи за 2019 и 2020 година | |
| Биланс на приходи и расходи | 23 |
| Биланс на состојба | 24 |
| Преглед на промена на извори на капитални средства | 25 |
| Сметководствени политики и образложенија кон финансиските извештаи | |
| - Вовед | 26 - 29 |
| - Сметководствени политики | 30 - 31 |
| - Образложенија кон финансиските извештаи | 32 - 36 |

**Кратенки користени во извештајот:**

**Клиника** -  ЈЗУ Универзитетска клиника за државна кардиохирургија – Скопје

**Фонд** - Фонд за здравствено осигурување на Република Северна Македонија

ЈЗУ - Јавни здравствени установи

ЈЗУ УК – Јавна здравствена установа Универзитетска клиника

**УО** – Управен одбор

**Јавна установа** – Јавна установа од областа на здравството за потребите на јавните здравствени установи, универзитетски клиники и Ургентен центар Скопје

ЕСЈН – Електронски систем за јавни набавки

ДДВ – Данок на додадена вредност

ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА
ENTI SHTETËROR I REVIZIONIT
STATE AUDIT OFFICE

Број: 25-66/1
Дата: 20.01.2022

# КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР

## Резиме


Државниот завод за ревизија изврши ревизија на финансиските извештаи заедно со ревизија на усогласеност на Јавната здравствена установа Универзитетска клиника за државна кардиохирургија - Скопје на сметката за средства од Фондот за здравствено осигурување на Република Северна Македонија за 2020 година.

Ревизијата се воздржа од давање мислење во однос на вистинитоста и објективноста на финансиските извештаи и изрази мислење со резерва за усогласеноста на финансиските трансакции со релевантната законска регулатива за 2020 година.

Не е вршена ревизија, ниту сме издале извештај, за финансиските извештаи и за усогласеност со закони и прописи на Клиниката за годините кои и претходат на годината која е предмет на оваа ревизија.

Со извршената ревизија на финансиските извештаи и ревизија на усогласеност на Клиниката за 2020 година, утврдено е дека:

- отсуството на процедури за работа и невоспоставениот систем на внатрешни контроли создава ризик за сигурно финансиско управување;
- со спроведениот попис не е извршено усогласување на сметководствената со фактичката состојба на средствата и обврските;
- поради недоследности и недоволна контрола при набавките на стоки и услуги од Јавната установа, не може да се потврди реалноста на преземените обврски и исплатените средства;
- постојат недоследности во начинот на ангажирање на надворешни лица со договор на дело;

- во дел од спроведените постапки за јавни набавки не е обезбедена доволна конкуренција;
- при спроведување на постапката и реализацијата на договорот за набавка на работи за одржување на градежни објекти и опрема несоодветно се применети одредбите од Законот за јавните набавки;

За надминување на утврдените состојби до одговорните лица на Клиниката ревизијата даде препораки за преземање соодветни мерки и активности.

Во делот **Нагласување на прашања за неизвесност и континуитет**, ревизијата известува дека:

- Клиниката во 2020 година има остварено 37% здравствени услуги од планираниот вид и обем односно од договорен годишен надоместок од Фондот, поради што во 2021 година е вклучена во редот на неодржливи ЈЗУ;
- просторот во кој што функционира Клиниката е недоволен и со нерешени имотно правни односи.

Во делот **Останати прашања**, ревизијата известува дека и покрај постоењето законска обврска на Министерството за здравство за воспоставување на Национален систем за материјално-финансиско и сметководствено работење во ЈЗУ и Централен систем за регистрација на работно време за потребите на ЈЗУ, истите не се во функција.

Не се добиени забелешки на Нацрт Извештајот на овластениот државен ревизор број 17-172/7 од 13.12.2021 година.

## 1. Вовед

1.1. Извршивме ревизија на приложените финансиски извештаи од страна 23 до 25 заедно со ревизија на усогласеност на Јавната здравствена установа Универзитетска клиника за државна кардиохирургија – Скопје на сметката за средства од Фондот, кои се состојат од Биланс на состојба на ден 31 декември, Биланс на приходи и расходи за годината која завршува со тој датум, Преглед на промени на изворите на капиталните средства и преглед на значајни сметководствени политики и објаснувачки белешки кон финансиските извештаи.

1.2. Ревизијата на финансиските извештаи од точка 1.1. на овој извештај е извршена согласно член 22 став 1 од Законот за државната ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија за 2021 година согласно член 23 од Законот за државната ревизија.

1.3. Не е вршена ревизија, ниту сме издале извештај, за финансиските извештаи и за усогласеност со закони и прописи на Клиниката за годините кои и претходат на годината која е предмет на оваа ревизија.

1.4. Финансиските извештаи од точка 1.1. на овој извештај се одговорност на раководството на Клиниката застапувано од:

- Проф. д-р Сашко Јовев, медицински директор од 15.10.2019 година.

Оваа одговорност вклучува дизајнирање, имплементација и одржување на интерна контрола која што е релевантна за подготвување и објективно презентирање на финансиските извештаи коишто се ослободени од материјално погрешни прикажувања, без разлика дали се резултат на измами или грешки, избор и примена на соодветни сметководствени политики, како и правење на сметководствени проценки кои што се разумни во околностите.

Раководството на субјектот е исто така одговорно за осигурување дека активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

1.5. Одговорност на ревизорите е да изразат мислење за финансиските извештаи од точка 1.1. врз основа на извршената ревизија. Оваа одговорност вклучува и изразување мислење за тоа, дали активностите, финансиските трансакции и информации рефлектирани во финансиските извештаи се, во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и

воспоставени политики.
Оваа одговорност вклучува извршување на постапки за добивање ревизорски докази за тоа дали приходите и трошоците се остварени/користени за планираните намени утврдени од страна на законодавецот. Таквите постапки вклучуваат и процена на ризикот од неусогласеност.

Ревизијата е извршена во согласност со Ревизорските стандарди на Врховните ревизорски институции (ISSAI). Овие стандарди налагаат да ги почитуваме етичките барања и да ја планираме и извршиме ревизијата со цел да добиеме разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешни прикажувања. Ревизијата вклучува извршување на постапки за прибавување на достатни соодветни ревизорски докази како поткрепа на нашите заклучоци. Избраните постапки зависат од расудувањето на ревизорот, вклучувајќи ја и проценката на ризикот од материјална неусогласеност, без разлика дали е резултат на измами или грешки.

При процена на ризикот, ревизорот ги разгледува внатрешните контроли релевантни за подготвување и објективно презентирање на финансиските извештаи со цел да се дизајнираат ревизорски постапки кои се соодветни во околностите, но не за целите на изразување на мислење за ефективноста на внатрешните контроли на субјектот. Ревизијата исто така вклучува оценка на соодветноста на користените сметководствени политики и на разумноста на сметководствени проценки направени од страна на раководството на субјектот, како и оценка на севкупното презентирање на финансиските извештаи.
Заради прашањата опишани во точката 3.3-Финансиски извештаи, ние не бевме во можност да прибавиме достатни и соодветни ревизорски докази за да обезбедиме основа за изразување мислење за финансиските извештаи.

## 2. Цели, заснованост и период на вршење на ревизијата

2.1. Цел на ревизијата на финансиските извештаи е да му овозможи на ревизорот да добие разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи земени како целина се ослободени од материјално погрешни прикажувања било поради измама или поради грешка, овозможувајќи му на ревизорот да изрази мислење за тоа дали финансиските извештаи се изготвени, во сите материјални аспекти, во согласност со применливата рамка за финансиско известување и да известува за финансиските извештаи и да комуницира, во согласност со ревизорските наоди.
Цел на ревизијата на усогласеност во врска со ревизијата на финансиските извештаи е ревизорот да добие разумно уверување за тоа дали активностите, финансиските трансакции и информациите рефлектирани во финансиските извештаи се, во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната

законска регулатива, упатства и воспоставени политики и да ја известува законодавната власт и други соодветни тела за наоди и расудувања.

2.2. Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани врз завршната сметка составена според применливата рамка за финансиско известување во Република Северна Македонија и со прифатени и спроведени извесни корекции од страна на субјектот, како резултат на утврдени погрешни прикажувања.

## 3. Наоди и препораки

Прашањата кои ги покрива овој Извештај беа дискутирани на завршниот состанок со раководството и одговорните лица на субјектот - предмет на ревизија одржан на 22.10.2021 година.

Не се добиени забелешки на Нацрт Извештајот на овластениот државен ревизор број 17-172/7 од 13.12.2021 година.

**Констатирани се следните состојби:**

### 3.1. Внатрешни контроли

3.1.1. Со извршената ревизија на организациската поставеност и работните процеси кои се одвиваат во Клиниката, со цел да се утврди дали е дизајниран и функционира систем на внатрешни контроли согласно Стандардите за внатрешна контрола во јавниот сектор, го констатиравме следното:

- не се донесени пишани процедури за работа ниту други интерни акти за уредување на работните процеси, а активностите се одвиваат според воспоставена пракса од претходен период. Иако во 2016 година, согласно член 243 од Законот за здравствена заштита е започнат процесот на акредитација на Клиниката[1] и формирани се комисии за изготвување процедури за повеќе работни процеси, истите до денот на ревизијата не се донесени;
- описот на работните задачи во актот за систематизација на работните места е општ и не ги одразува реалните активности и задолженија на вработените на одделните работни позиции;
- согласно актите за внатрешна организација и систематизација на работните места од 2018 година, за вршење на административни и финансиско-

[1] Барање до Агенција за квалитет и акредитација на здравствените установи бр.03-208/1 од 06.05.2016 година

сметководствени работи предвидени се 11 работни места во две одделенија[2] од кои во текот на 2020 година пополнети се само по едно работно место во двете одделенија[3], ниту се пополнети работните места на раководители на овие одделенија[4]. Поради тоа, за вршење на предвидените работни задачи ангажирани се 7 надворешни лица со договор на дело. Наведеното упатува дека не е воспоставена поделба на должностите и одговорностите во делот на финансиското работење, а активностите не се верификуваат од две меѓусебно независни лица. Имено, не се предвидени контроли и авторизирање во процесот на:

- утврдување на потребата од набавка на опрема, лекарства и потрошен медицински и друг материјал, правење нарачка од добавувачите и прием на истите, како и за издавање и евидентирање на потрошените лекарства и материјали по пациенти и одобрување за плаќање на влезните фактури од добавувачите;
- пресметка и исплата на плати и додатоци и надоместоци на плати согласно утврдените основи и стапки во поединечниот колективен договор за зголемување на основната плата на работникот по час за дежурства, прекувремена работа, готовност и реализиран повик. Особено што во услови на пандемија во 2020 година Клиниката работи со редуциран и реорганизиран персонал;

- во Правилникот за систематизација на работните места не е предвидено работно место за одговорен сметководител, а работните задачи во овој дел се вршат од страна на надворешно лице ангажирано со договор на дело. Работното место ликвидатор е предвидено во одделението за правни работи и човечки ресурси, а работните задачи со овластување од август 2020 година ги врши архиварот;

  Со Годишниот план за вработување за 2020 година, планирано е пополнување на работните места раководител на одделението за материјално финансиско работење и ликвидатор преку унапредување, но истото не е реализирано;
- поради непополнетост на работното место - лице за јавни набавки, ангажирано е надворешно лице со договор на дело. Имајќи го предвид бројот, обемот и сложеноста на постапките за јавни набавки, ваквата поставеност создава ризик за ненавремено завршување на сите активности во постапките за јавни набавки согласно законски предвидените рокови. Имено, за поголемиот дел од постапките, известувањата за склучен договор или за поништување на постапката се објавуваат на ЕСЈН по истекот на законскиот

---

[2] Одделение за материјално финансиско работење со 5 работни места и Одделение за правни работи и човечки ресурси со 6 работни места;

[3] Советник за материјално финансиско работење и архивар;

[4] Во јануари 2020 година по барање на раководителот на одделението за правни работи и човечки ресурси му е престанат работниот однос со Клиниката;

рок од 10 дена, како и известувањата за реализирање на договорите за јавна набавка;

- не е воспоставен унифициран начин на следење на реализацијата на договорите за јавни набавки, а следењето се врши со користење на посебни ексел табели за секој склучен договор, кои служат и како основа за правење нарачка од добавувачите. Ваквиот начин на следење оневозможува достапност до целосни и соодветни податоци за реализацијата на јавните набавки и создава ризик за надминување на договорите;
- залихите на лекови и медицински материјали се чуваат во болничката аптека во просториите на Клиниката, при што пристап до истите истовремено имаат повеќе лица[5]. Во отсуство на процедури за уредување на правото на пристап и начинот на користење на залихите, а со оглед на високата вредност на поедини лекови и материјали, постои ризик од неовластено користење и губење на залихите.

Од наведеното може да се заклучи дека не е воспоставена организација и систем на внатрешни контроли, со кој ќе се обезбеди целосна поделба на надлежностите и овластувањата и ефикасен систем на контрола и управување со јавните средства, што не е во согласност со барањата на Стандардите 6, 12 и 13 за внатрешна контрола во јавниот сектор[6] и создава ризик од неправилности во процесот на движење и одобрување на финансиската документација, имајќи предвид дека Клиниката нема организациски директор[7].
По препорака на ревизијата во текот на ревизијата од страна на директорот на Клиниката донесена е Одлука за формирање работна група за изготвување на процеси, политики и процедури[8] и донесена е Процедура за пресметка на работни часови и плата[9] и истата е применета при пресметката и исплатата на платата за месец октомври 2021 година. Исто така во 2021 година со Решение[10] назначен е координатор на процесот на акредитација на Клиниката со што се обновува започнатата постапка од 2016 година.

**Препораки**

Одговорните лица на Клиниката да преземат активности за:

---

[5] Раководителот на болничката аптека, дежурните лекари и сестри во ноќна смена;
[6] Службен весник на РМ бр. 147/2010
[7] Во Менаџерскиот договор со медицинскиот директор од 11.02.2020 година е утврдено дека тој ќе ги врши и работите кои согласно член 105 став 7 од Законот за здравствена заштита се одговорност на организацискиот директор;
[8] Одлука број 0204-525/1 од 10.11.2021 година;
[9] Одлука за усвојување на Процедура за пресметка на работни часови и пресметка на плата во ЈЗУ УК за кардиохирургија – Скопје бр.0204-533/1 од 15.11.2021 година;
[10] Решение број 0402-314/1 од 19.07.2021 година;

- продолжување на процесот на акредитација и изготвување и донесување на интерни акти и процедури за уредување на процесите на набавка, прием, чување, издавање и евидентирање на материјалите, плаќање на фактурите, пресметка и исплата на плати, надоместоци и додатоци на плати и други процеси кои се одвиваат во Клиниката;
- усогласување на донесените процедури со интерните акти за внатрешна организација и систематизација на работните места и обезбедување нивна целосна имплементација;
- систематизирање на работно место одговорен сметководител и во соработка со надлежните министерства пополнување на предвидените работните места во одделението за материјално финансиско работење и одделението за правни работи и човечки ресурси;
- воспоставување унифициран начин на следење на реализацијата на договорите за јавни набавки;
- соодветно чување и заштита на залихите на лекови и материјали од неовластен пристап.

## 3.2. Усогласеност со закони и прописи

3.2.1. ЈЗУ се должни во рамки на интегрираниот здравствен информатички систем да водат континуирана евиденција на медицинската опрема со која располагаат, а секоја промена треба да ја внесуваат веднаш по настанувањето, најдоцна во рок од 12 часа. Начинот на водење на евиденцијата на медицинската опрема е уреден со Правилник[11]. ЈЗУ исто така се должни да ја одржуваат медицинската опрема во исправна состојба во секое време со цел да се обезбеди континуитет на здравствената заштита, а евиденцијата меѓу останатото треба да содржи и податоци за одржувањето на медицинската опрема, број на извршени поправки, заменети делови и степен на искористеност.

Од друга страна, согласно Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост, државните органи и правните лица основани од државата се должни да обезбедат чување и заштита на недвижните ствари, нивно економично и соодветно користење и уредно и навремено извршување на обврските што произлегуваат од користењето на стварите.

Со извршениот увид во презентираната документација и евиденција на медицинската опрема на Клиниката, констатиравме:

- евиденцијата не содржи целосни и ажурирани податоци во поглед на типот на опремата и одржувањето и замената на резервните делови за секој апарат

[11] Правилник за начинот на водење на евиденција на медицинска опрема како и видот, формата и содржината на обрасците за водење на евиденција на медицинската опрема, Службен весник на РМ бр. 43/15

поединечно. Имено, последните внесени податоци за извршено одржување на апаратите датираат од 2016 година и нема утврден план и динамика за сервисирање на опремата. Ваквата состојба не е во согласност со член 92-а од Законот за здравствена заштита и Правилникот за евиденција на медицинска опрема и има влијание на реалното планирање на потребите за набавка на нова медицинска опрема, како и на обезбедување навремено сервисирање и одржување на истата;

- имајќи ја предвид здравствената дејност, Клиниката располага со специфична и скапа медицинска и друга опрема, чија сегашна вредност во 2020 година изнесува 34.741 илјади денари, а набавна 154.524 илјади денари и за истата не се преземени активности за спроведување постапка за доделување договор за јавна набавка на услуги за осигурување. Поради тоа не е обезбедена соодветна заштита на опремата и покривање на ризикот од оштетување или губење, што не е во согласност со член 11 од Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост.

**Препораки**

Одговорните лица на Клиниката да преземат активности за:

- внесување на целосни и ажурни податоци во евиденцијата на медицинската опрема, вклучително и за одржувањето и замената на резервните делови за секој апарат поединечно;
- спроведување постапка и доделување на договор за јавна набавка на услуги за осигурување на опремата на Клиниката.

### 3.3. Финансиски извештаи

3.3.1. Со извршениот увид во преземените активности за вршење попис и Извештајот за извршениот попис на средствата и обврските со состојба на 31.12.2020 година и сметководствената евиденција на Клиниката, ревизијата го констатира следното:

- во пописните листи постојаните средства се внесени заедно со ситниот инвентар по локации и со натурални показатели, не и со вредносни податоци поради што не е извршено усогласување на евидентираните материјални средства и ситен инвентар со фактичката состојба. Заради потврдување на состојбата, ревизијата со алтернативна постапка изврши увид на избран примерок во просториите на Клиниката, при што констатира физичко присуство на евидентираните основни средства и ситен инвентар, а при тоа дел од средствата не се означени со инвентарни броеви;
- не е извршено вредносно и количинско усогласување на сметководствената со фактичката состојба на залихите на лекови и медицински материјали, а

пописните листи содржат податоци за количини преземени од апликацијата за материјално работење. Имено, во пописните листи за залихите на материјали попишани се и вградени материјали за кои има податок дека се искористени т.е вградени во пациенти при хируршки процедури во тек на 2020 година, што упатува на тоа дека ненавремено се врши евидентирање на потрошокот на материјали по пациенти што не е во согласност со член 92-г од Законот за здравствената заштита. За ненавремено евидентираниот потрошок на залихите, по препорака на ревизијата спроведено е корективно книжење, за што обелоденуваме во точка 5.6. од овој Извештај;

- пописот на обврските е несоодветно спроведен со прифаќање на податоците од сметководствената евиденција, односно не е извршено соодветно потврдување и споредување на состојбите помеѓу фактурите, склучените договори, старосната структура на истите како и преземените мерки од одговорните лица за плаќање на неизмирените обврски.

Поради наведеното ревизијата констатира дека при извршениот попис не се испочитувани во целост одредбите од член 31 ,31-а, 31-в, 33-а и 35 од Правилникот за сметководството за буџетите и буџетските корисници, што има влијание врз реалното и објективно прикажување на средствата и обврските во Билансот на состојба на ден 31 декември и на квалитетот на информациите кои ги дава истиот.

**Препораки**

Одговорните лица на Клиниката при вршење на попис да ги преземат следните активности :

- внесување на вредносни податоци за средствата во пописните листи;
- утврдување на фактичката состојба на средствата и обврските и усогласување на сметководствената со фактичката состојба и
- означување на средствата со инвентарни броеви доделени во сметководствената евиденција.

3.3.2. Согласно склучениот Договор за уредување на меѓусебни односи[12] Јавната установа доставува периодични фактури за повеќе видови извршени услуги и работи за потребите на Клиниката[13], а цените за овие услуги Јавната установа ги утврдува со Ценовник. Покрај тоа Клиниката секоја година со Јавната установа склучува и договор за групна набавка со кој се обврзува на Јавната установа да и плати за испорачаните стоки, услуги и работи согласно цените определени во договорите за јавна набавка кои таа ќе ги склучи со економските оператори,

[12] Договор за уредување на меѓусебни односи бр. 03-128/1 од 08.05.2015 година;
[13] Технички работи, комерцијално-фармацевтски работи, централна стерилизација, исхрана на болните, перење болнички веш и друго

зголемени за 4% на име надомест за спроведување на набавките.
Со извршениот увид во документацијата од набавките, констатиравме:

- не се врши проверка на количините и цените во фактурите со приложените испратници и работни налози, особено што дел од цените и количините во ценовникот, фактурите и испратниците се во различна единица мерка за количина, а фактурите се доставуваат за период од неколку месеци station наназад, без приложена пресметка за фактурираниот износ;
- кон фактурите од извршените групни набавки не секогаш се приложени испратници, работен налог или пресметка за потврдување на испорачаните стоки и услуги, а одговорните лица во Клиниката не секогаш имаат увид во договорените цени и со свој потпис го потврдуваат извршениот прием;
- поради ненавремено доставени фактури од Јавната установа, кои често се доставени со задоцнување од неколку месеци, набавените лекови и медицински материјали од Клиничката аптека на Јавната установа, Клиниката ги внесувала во материјалната евиденција, а финансиски ги евидентирала како обврски кон добавувачи за нефактурирани стоки. По овој основ во 2020 година евидентирани се 7.260 илјади денари, при што не е вршено навремено затворање на евидентираните обврски за нефактурирани стоки со доставените фактури и не е вршена контрола и споредба на податоците за испорачани и фактурирани лекови по вид и количина. Дополнително, во декември 2020 година извршено е групно плаќање на дел од овие обврски, а останатиот дел од 2.006 илјади денари е пренесен во вкупен износ како обврска кон добавувачи во земјата во деловните книги за наредната година, повикувајќи се на спецификација на фактури која не е презентирана на ревизијата, поради што не може да се потврди реалноста на овие обврски.

Поради наведеното, не може во целост да се потврди реалноста на извршените набавки од Јавната установа за кои Клиниката презема обврски што влијае на висината на платените средства по овие основи, кои за 2020 година изнесуваат 18.455 илјади денари, особено што Јавната установа не достави одговор до ревизијата за потврдување на салдото на обврските на крајот на годината во износ од 10.166 илјади денари. Наведеното не е во согласност со член 12 од Законот за сметководството за буџетите и буџетските корисници и начелата за економично и ефикасно користење на средствата предвидени во член 3 од Законот за буџетите и влијае на реалното и објективното прикажување на преземените обврски во финансиските извештаи.
Наведените состојби на неизвесност и несигурност во должничко доверителните односи со Јавната установа се констатирани во поединечните извештаи од спроведените ревизии кај ЈЗУ во минатиот период, меѓутоа состојбите остануваат непроменети, поради што се наметнува прашањето за ваквата поставеност на истите.

Во 2021 година состојбата со ненавремено затворање на обврските за нефактурирани стоки е надмината, односно по пристигнување на фактурата од Јавната установа, фармацевтот врши сторнирање на приемот и внесување нов прием по фактура, по што евидентираните обврски се усогласуваат со примените фактури, поради што ревизијата за тој дел не дава препорака.

**Препораки**

Одговорните лица на Клиниката да иницираат:

- измена и дополнување на одредбите од Договорот за уредување на меѓусебните односи во делот на начинот на утврдување на цените на услугите и пресметаните маржи предвидени со Ценовникот на услуги од страна на Јавната установа;
- преиспитување на можноста за самостојно спроведување на поголем дел од јавните набавки, а доколку е неопходно набавката да се направи преку Јавната установа, да обезбеди увид во договорените цени пред правењето нарачка и контрола за потврдување на приемот на испорачаните стоки, услуги и работи.

3.3.3. Во 2020 година, поради недостиг на персонал, Клиниката има ангажирано надворешни лица преку авторска агенција, при што договорите за дело се склучени помеѓу Јавната установа[14], ангажираните лица и авторската агенција како нивен застапник. Плаќањата се вршат по доставување на фактура од Јавната установа и по овој основ во 2020 година се исплатени 1.841 илјади денари.

Со извршениот увид во начинот на ангажирање и исплата на овие лица, презентираната документација и информации, констатиравме:

- фактурите од Јавната установа не содржат спецификација и пресметка на поединечниот надоместок за секое лице, поради што не може да се потврди дали исплатените средства се согласно склучените договори, особено што во отсуство на контроли, фактурите се плаќаат без проверка и одобрување од одговорните лица во Клиниката;
- во вкупниот износ за плаќање во фактурите се вкалкулирани и услугите од Јавната установа од 4% и авторската агенција од 0,8% од договорениот бруто износ, како и 18% на име пресметан ДДВ, што довело до создавање непотребни расходи за Клиниката;
- Јавната установа ненавремено ги изготвува и доставува фактурите. Имено, за 8 месеци во 2020 година не се пристигнати фактури, иако исплатите преку авторската агенција кон ангажираните лица од страна на Јавната установа се вршени редовно, што влијае на ажурното евидентирање и плаќање на обврските на Клиниката;

---

[14] Врз основа на договор за групна набавка меѓу Клиниката и Јавната установа;

- во јануари 2020 година добиена е согласност од Министерството за финансии за ангажирање 9 лица со договор на дело, согласно член 9 од Законот за трансформација на работниот однос, а ангажирани се вкупно 16 лица[15], при што дел од нив се ангажирани во континуитет во текот на целата година, а дел од нив само по неколку месеци во годината. Поради недоставени фактури од Јавната установа и во отсуство на податоци за извршените исплати на ангажираните лица во 2020 година, не може да се потврди дали е извршено надминување на добиената согласност на месечно ниво.

Наведеното не е во согласност со член 12 и член 17 од Законот за сметководството за буџетите и буџетските корисници како и одредбите од самите договори и влијае на реалноста на прикажаните обврски во финансиските извештаи на Клиниката.

Во 2021 година состојбата со начинот на ангажирање и исплата на надворешните лица е надмината, односно договорите за дело се склучени меѓу Клиниката и лицата, а исплатата, по пресметување и плаќање на данокот на личен доход преку модулот на Управата за јавни приходи, се врши на нивните трансакциски сметки без посредство на Јавната установа.

**Препорака**

Одговорните лица на Клиниката да:
- продолжат ангажирањето на надворешни лица да го вршат самостојно, без посредство на Јавната установа;
- обезбедат ангажирањето на надворешни лица да се врши во рамки на добиена согласност од Министерството за финансии.

### 3.4. Користење на средствата согласно законски прописи

3.4.1. Со увидот во начинот на планирање, спроведување и реализација на 7 постапки за доделување договори за јавни набавки спроведени во 2019 и 2020 година, а по кои во годината предмет на ревизија преземени се обврски во вкупен износ од 59.050 илјади денари, со што опфативме 64% од преземените обврски, го констатиравме следново:

- за дел од постапките за набавка на опрема за кои се склучени договори во вредност од 4.551 илјади денари, техничките спецификации не се дефинирани на неутрален начин, што довело за предметот на набавка да се јави само еден понудувач или да остане само една прифатлива понуда и постапката да заврши со одлука за избор на единствениот понудувач без спроведување на електронска аукција. Неоспорувајќи ја потребата од

[15] 7 лица во делот на администрација и 9 лица медицински персонал

обезбедување соодветен квалитет на набавката, ваквиот начин на дефинирање на предметот на набавка ја ограничува конкуренцијата, што не е во согласност со член 82 од Законот за јавните набавки.

- во текот на 2019 година спроведена е постапка за јавна набавка на работи - Одржување на градежни објекти и опрема и склучен е договор во вредност од 2.950 илјади денари, кој е целосно реализиран во 2020 година за реконструкција на одделот за интензивна нега на Клиниката, при тоа:
  - во одлуката за јавна набавка не е наведено образложение за потребата од спроведувањето на јавната набавка, тендерската документација не содржи основен проект или проектна задача со предмер на работите кои е потребно да се извршат, а во техничката спецификација не е предвиден обемот на работи, односно се бара понуда за метар должен или метар квадратен за работите кои треба да се изведат. Поради наведеното понудата од единствениот понудувач изнесува 163 илјади денари, а договорот е склучен во висина на проценетата вредност на набавката од 2.950 илјади денари;
  - договорниот орган утврдил услови за утврдување на техничка и професионална способност[16] кои не се сразмерни со предметот на јавната набавка и не се во корелација со сложеноста на набавката, особено што не постои ниту основен проект за дефинирање на предметот на набавката, што влијаело да биде доставена само една понуда;
  - набавката не е реализирана согласно условите предвидени во договорот, односно предвидените работи економскиот оператор ги завршил со приложена трета времена/завршна ситуација од октомври 2020 година, иако согласно договорот бил предвиден рок од 60 дена за завршување по воведување во работите т.е. до март 2020 година. Кон времените ситуации се приложени градежни дневници без датум за изведување на работите, количините за набавената опрема во времените ситуации за одредени позиции се поголеми од утврдените во техничката спецификација и понудата.

Неоспорувајќи ги придобивките во поглед на подобрување на условите за лекување на пациентите во Клиниката, ревизијата е на мислење дека ваквиот начин на спроведување на јавната набавка влијае на економичното користење на средствата и конкуренцијата, што не е во согласност со начелата на кои се темелат јавните набавки утврдени со член 4, 5 и 8 од Законот за јавните набавки.

[16] Во делот на потребен персонал побарани се минимум 5 инженери на располагање од кои минимум 1 градежен инженер со овластување А или Б и минимум 2 инженери архитекти со овластување А или Б, а во делот на опрема минимум 2 камиони кипери со носивост минимум 2 тона и минимум 1 камион со кран со носивост од минимум 5 тони;

**Препорака**

Одговорното лице на Клиниката да ги преземе следните активности:

- техничките спецификации на предметот на набавка да се дефинираат на јасен, недвосмислен и неутрален начин кој нема да ја ограничи конкуренцијата;
- дефинирање на предметот на набавка со конкретни информации за обемот на работите кои треба да се изведат и количината на опремата која треба да се набави;
- критериуми за утврдување на способност на понудувачите да се сразмерни на предметот и сложеноста на набавката;
- реализацијата на договорот за јавна набавка да се извршува во согласност со условите и количините предвидени со договорот за јавна набавка и избраната понуда.

**Основ за изразување на мислење**

Вкупниот ефект од утврдените состојби во точките 3.2., 3.3. и 3.4. кои претставуваат основ за изразување мислење е:

- неизвршено вредносно и количинско усогласување на сметководствената со фактичката состојба на средствата и обврските;
- неможност да се потврди реалноста на извршените набавки на стоки и услуги од Јавната установа;
- неможност да се потврди реалноста на искажаните обврски од Јавната установа;
- недоследности во начинот на ангажирање на надворешни лица со договор на дело;
- необезбедена доволна конкуренција и недоследности при спроведувањето на дел од постапките за јавни набавки.

## 4. Ревизорско мислење

**Мислење за финансиски извештаи**

Според наше мислење, поради значењето на прашањата објаснети во точката 3.3. ние не бевме во можност да прибавиме достатни и соодветни ревизорски докази како основа за мислење за ревизија. Следствено ние не изразуваме мислење за финансиските извештаи на Јавната здравствена установа Универзитетска клиника за државна кардиохирургија – Скопје на ден 31 декември 2020 година кои беа предмет на ревизија.

**Мислење за усогласеност со закони и прописи**

Според наше мислење, со исклучок на ефектот на прашањата изнесени во точките 3.2. и 3.4. активностите, финансиските трансакции и информации рефлектирани во финансиските извештаи на Јавната здравствена установа Универзитетска клиника за државна кардиохирургија – Скопје, во сите материјални аспекти се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

## 5. Нагласување на прашања за неизвесност и континуитет

Ревизијата смета дека е потребно да се нагласат одредени состојби поради значајноста и влијанието на истите врз работењето на Клиниката и во наредниот период:

5.1. Согласно Записникот за извршено усогласување на Клиниката со Фондот за 2020 година, Клиниката има извршено здравствени услуги на товар на Фондот во вкупен износ од 72.277 илјади денари, со што е постигнато остварување на 37% од договорениот надоместок, кој изнесува 195.266 илјади денари. Извршените здравствени услуги се пресметани по референтни цени утврдени од Фондот и тоа за стандардни ДСГ услуги[17] и посебни БЛК пакети[18] кои за прв пат се воведени во 2018 односно 2019 година.

Со направената анализа констатиравме дека утврдените референтни цени од Фондот се пониски од реално направените расходи на Клиниката за изведување на хируршките процедури. Најизразена е разликата кај утврдената цена за ДСГ услуга за трансплантација на срце која изнесува 715 илјади денари, а реално направените трошоци за единствениот пациент на кој му е трансплантирано срце во 2020 година, според презентираните евиденции на Клиниката изнесуваат 4.307 илјади денари. Исто така и за извршените процедури од БЛК пакетите 2 и 7 направени се повеќе реални трошоци од утврдените цени од Фондот. Имено, за еден пакет БЛК 2 направен е расход од 1.046 илјади денари во однос на референтна цена од 592 илјади денари и за 4 пакети БЛК 7 вкупни расходи од 7.400 илјади денари во однос на референтна цена од 6.560 илјади денари Ваквите разлики влијаат на индексот на остварување на договорениот надоместок, поради што ревизијата препорачува Клиниката да иницира преиспитување и коригирање на референтните цени од страна на Фондот.

[17] Дијагностички сродни групи на завршени здравствени услуги

[18] Пакети на завршени здравствени услуги од болничка здравствена заштита од обласста на кардиологија

Според презентираните податоци за обемот на завршени здравствени услуги и реализиран годишен надоместок за период од 2018 до септември 2021 година, Клиниката континуирано бележи раст на обемот на здравствени услуги, со исклучок на 2020 година кога има значајно намалување на обемот, најмногу како последица на прогласената пандемија. Трендот на движење на извршените здравствени услуги и договорениот надоместок во наведениот период е прикажан во следниот графикон.

**Графикон бр.1**




Како резултат на намалениот обем на здравствени услуги, со Одлука на Владата за 2021 година[19], Клиниката е вклучена во вкупно 106 т.н. неодржливи ЈЗУ за кои Фондот, согласно член 69 од Законот за здравствено осигурување има обврска да обезбеди средства за целосно функционирање, во услови кога не можат да остварат соодветен вид и обем на здравствени услуги во висина на договорениот надоместок.

5.2. Законот за здравствената заштита предвидува дека здравствените установи кои ги исполнуваат законски утврдените услови, можат да вршат здравствена дејност само врз основа на лиценца за вршење на здравствена дејност во мрежата на здравствени установи. Лиценцата се доделува за период до 35 години, а постапката ја води Министерството за здравство по што се склучува договор за лиценца со кој

[19] Одлука за утврдување на јавни здравствени установи кои вршат превентивни и одредени работи од примарна, специјалистичко-консултативна и болничка здравствена заштита за нивно целосно функционирање во 2021 година;

се уредуваат меѓусебните права и обврски со носителот на лиценца.

Клиниката во 2014 година со Министерството за здравство склучила Договор за лиценца[20] за период од 35 години за вршење на специјалистичко-консултативна и болничка дејност од областа на кардиохируриргијата и кардиоваскуларните заболувања и во која се изведува образовна и научно истражувачка дејност и усовршување на здравствени работници. При тоа, склучениот договор не содржи одредби за просторот и опремата за вршење на здравствената дејности и податоци за лицата со кои носителот на лиценца ќе работи во тим, туку е предвидено дека податоците за лицата кои ќе работат во тимот ќе бидат предмет на анекс за измена на договорот, што е услов за негово влегување во сила. Со договорот предвидена е и обврска Клиниката да уплатува месечен надомест за лиценца на Министерството за здравство. Во исто време договорот предвидува можност за негово еднострано раскинување доколку Клиниката не склучи анекс во рок од 30 дена по доставено барање од Министерството за здравство и ако не го плаќа редовно надоместокот за лиценца.

До денот на ревизијата не е постапено согласно одредбите од договорот, односно не е склучен анекс на договорот за лиценца поради недоставено барање од Министерството за здравство, а не се уплатува ниту надоместокот за лиценца. Наведеното упатува дека договорот за лиценца нема правно дејство, што не е во согласност со одредбите од член 227 и 229 од Законот за здравствената заштита.

Ревизијата препорачува во соработка со Министерството за здравство да се преземат активности за склучување на анекс на договорот за лиценца во кој ќе бидат содржани податоци за лицата кои работат во тимот на Клиниката.

**5.3.** Клиниката е основана во 2014 година со Одлука на Владата на РМ[21], врз основа на Законот за здравствената заштита и Правилникот за потребниот простор, опрема и стручен кадар за основање, почнување со работа и вршење на здравствена дејност во здравствени установи[22].

Својата дејност ја обавува од 2015 година на простор со површина од околу 700 м$^2$ на вториот кат во зградата на ЈЗУ УК за кардиологија во Скопје. Од страна на Владата за отстапениот простор не е донесена одлука за давање на времено или трајно користење, како што предвидува член 18 од Законот за користење и

[20] Договор за лиценца за вршење здравствена дејност во мрежата на здравствените установи бр. 07-1408 од 31.01.2014 година
[21] Одлука бр.42-118/11 од 22. 01.2014 година, Службен весник на РМ бр.17/14;
[22] Правилник за потребниот простор, опрема и стручен кадар за основање, почнување со работа и вршење на здравствена дејност во здравствени установи („Службен весник на РМ" бр. 91/13 и 125/14).

располагање со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост. Поради тоа Клиниката нема имотен лист за докажување на правото на користење на просторот и истиот е сé уште со нерешени имотно правни односи. За обезбедување на потребната изведбено-проектна документација за направената реконструкција на просторот и инсталирана опрема, Клиниката во 2016 година се обратила до Единицата за имплементација на Проектот за реконструкција и доградба при Министерството за здравство од каде е известена дека документацијата е предадена на ЈЗУ УК за кардиологија како корисник на просторот, а Клиниката со допис од Министерството за здравство е известена дека вкупната вредност на реконструкцијата изнесува 43.049 илјади денари[23].

Просторот што го користи Клиниката ги нема потребните услови предвидени со Правилникот, односно нема административни простории, кабинети за докторите, сала за состаноци, библиотека и магацински простор, што влијае на непречено вршење на здравствената дејност. Дополнително Клиниката го нема решено ниту статусот на корисник на електрична енергија. Имено, поради неможноста да се постави засебно броило, сметките и во 2020 година доаѓаат на адреса на ЈЗУ УК за кардиологија, а при тоа досега не е постигнат ниту договор за утврдување критериум за делење на трошоците за електрична енергија.
Во периодот од 2016 до 2020 година, Клиниката во повеќе наврати ги информирала надлежните институции, Министерството за здравство и Владата, дека за непречено и безбедно одвивање на работниот процес, неопходно е обезбедување дополнителни простории на вториот кат од заедничката зграда со ЈЗУ УК за кардиологија и поделба на трошоците за електрична енергија, но за истото не е добиен одговор.

Имајќи го предвид континуираниот раст, зголемениот вид и обем на здравствени услуги и број на вработени[24] на Клиниката во периодот до 2020 годна, ревизијата укажува на неопходноста, во соработка со надлежното Министерство да се преземат активности за обезбедување дополнителни работни простории за Клиниката, утврдување критериум за поделба на трошоците за електрична енергија со ЈЗУ УК за кардиологија, како и за решавање на имотно правните односи за просторот што го користи.

5.4. Во Клиниката во примена е Статут од 2018 година на кој е добиена согласност од министерот за здравство. Во декември 2019 година донесена е Статутарна одлука за изменување на Статутот на Клиниката која е усвоена од страна на Управниот одбор на Клиниката, а се однесува на формирање нови организациони единици, оддел за срцева слабост и хибридна хирургија и две посебни одделенија во одделот

[23] Вредноста на реконструкцијата е евидентирана во вонбилансната евиденција на Клиниката;
[24] Од 40 вработени во 2015 година, бројот на вработени во 2020 година е зголемен на 68 редовно вработени и 13 ангажирани лица со договор на дело;

за анестезија, реанимација и интензивно лекување.

Барањето до Министерството за здравство за согласност на измените на Статутот е доставено во февруари 2021 година т.е. 14 месеци после донесувањето на статутарната одлука, која се уште не е добиена.
Поради не добиена согласност на статутарната одлука, не се направени измени на актите за внатрешна организација и систематизација и не се формирани новите организациони единици предвидени со истата. И покрај тоа, во постојните просторни услови и организациска поставеност, почнувајќи од 2019 година на Клиниката се изведуваат хируршки процедури од областа на т.н. хибридна хирургија.

Според добиените информации, причина поради која не се добива согласност е недостигот на просторни услови за изведување на процедурите за хибридна хирургија. Од друга страна постојниот Правилник[25] не содржи одредби за потребниот простор, опрема и стручен кадар за вршење здравствена дејност од областа на кардиохирургијата.

Поради наведеното ревизијата укажува на потребата Министерството за здравство да ги преземе потребните активности за доуредување на условите за вршење здравствена дејност од областа на кардиохирургијата, обезбедување на потребните услови и давање согласност на измените на Статутот на Клиниката.

5.5. Со цел справување со пандемијата предизвикана од корона вирусот – Ковид 19, Клиниката има преземени активности за набавка на потрошни материјали, заштитни мантили, маски и ракавици за заштита на вработените во вкупен износ од 362 илјади денари. При тоа набавките поради итност се реализирани без спроведување постапка за јавна набавка.

5.6. Извршени се корекции на одделни состојби на сметките од главната книга во 2020 година поради ненавремено евидентиран потрошок на вградени материјали и погрешно евидентирани набавени хируршки инструменти со поединечна вредност над 300 евра како ситен инвентар, наместо како опрема, за што се изготвени налози за книжење бр. 6-737-114 со дата 30.10.2021 година и бр. 9-737-1 со дата 12.11.2021 година. Нето ефект на корекциите е намалување на вкупната актива и пасива во Билансот на состојба за 4.782 илјади денари. Направени се следните корекции:

- позицијата Материјали на залиха се намали за 6.441 илјади денари;
- позицијата Останат капитал се намали за 6.441 илјади денари;

[25] Правилник за потребниот простор, опрема и стручен кадар за основање, почнување со работа и вршење на здравствена дејност во здравствени установи

- позицијата Ситен инвентар во употреба се намали за 1.831 илјади денари;
- позицијата Исправка на вредноста на ситниот инвентар се намали за 1.831 илјади денари;
- позицијата Материјални средства се зголеми за 1.831 илјади денари;
- позицијата Исправка на вредноста на материјални средства се зголеми за 172 илјади денари и
- позицијата Државен јавен капитал се зголеми за 1.659 илјади денари.

## 6. Останати прашања

**6.1.** Согласно член 92-г од Законот за здравствена заштита, министерот за здравство е должен да воспостави Национален систем за материјално-финансиско и сметководствено работење во ЈЗУ, кој треба да овозможи побрзо, полесно и правилно донесување на одлуки во управувањето со финансиите и останатите работни процеси во ЈЗУ, следење на критичните точки на потрошувачка, контрола и намалување на поединечните и вкупните трошоци во ЈЗУ. Согласно одредбите од овој Закон, ЈЗУ се задолжени да воведат редовна евиденција на потрошокот на медицински материјал класифициран по пациент, по упат и по здравствен работник, односно здравствен соработник и задолжителна евиденција на залихите на медицинските материјали во главното депо и во сите помошни депоа на лекови. Националниот систем треба да биде составен дел од интегрираниот здравствен информатички систем, а за непречено функционирање на системот, ЈЗУ се задолжени да обезбедат софтверска апликација која ќе овозможува непрекината двонасочна комуникација и размена на податоци.

Со анализа на преземените активностите поврзани со оваа законска обврска, констатиравме дека и покрај тоа што законската обврска за востановување на Националниот систем е воведена во 2015 година, активностите на Министерството за здравство сѐ уште се наоѓаат во почетна фаза и според добиената Информација, Националниот систем од јануари 2018 година не е во функција поради необезбеден договор за негово одржување.
Поради наведеното, не е обезбедено следење на критичните точки на потрошувачка, контрола и намалување на поединечните и вкупните трошоци во ЈЗУ.

Исто така, за имплементирање на одредбите од член 92-д од Законот за здравствена заштита Министерство за здравство има склучено договор за јавна набавка на Централен систем за регистрација на работно време за потребите на ЈЗУ. По спроведената групна набавка од страна на Министерството за здравство во име и за сметка на ЈЗУ во текот на 2017 година испорачани се и монтирани уреди за евиденција на работното време. Истите не се ставени во функција, од причини што

не е отпочната примената на Централниот систем за евиденција на работното време по биометриски податоци од страна на Министерството за здравство.

Ревизијата е на мислење дека е потребно, Министерството за здравство да преземе активности за преиспитување на овие законски решенија и можностите за имплементација и функционалност на Националниот систем за материјално - финансиско и сметководствено работење во ЈЗУ и Централниот систем за евиденција на работното време.

## БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ ЗА 2020 година

**во 000 денари**

| Опис на позицијата | Образложение | 2020 | 2019 |
|---|---|---|---|
| **Приходи** | | | |
| Трансфери и донации | 3.1. | 195.318 | 157.334 |
| **Вкупно приходи** | | **195.318** | **157.334** |
| **Расходи** | | | |
| **Тековни расходи** | 3.2. | | |
| Плати и надоместоци | 3.2.1. | 57.463 | 43.481 |
| Стоки и услуги | 3.2.2. | 125.745 | 111.127 |
| Субвенции и трансфери | | 0 | 2.249 |
| **Вкупно тековни расходи** | | **183.208** | **156.857** |
| **Капитални расходи** | | | |
| Капитални расходи | 3.3. | 12.110 | 477 |
| **Вкупно капитални расходи** | | **12.110** | **477** |
| **Вкупно расходи** | | **195.318** | **157.334** |

## БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА ДЕН 31.ДЕКЕМВРИ

**во 000 денари**

| **Опис на позицијата** | **Образло-жение** | **2020** | **2019** |
|---|---|---|---|
| **Актива** | | | |
| **Тековни средства** | 4.1. | | |
| Активни временски разграничувања | 4.1.1. | 63.986 | 76.874 |
| Залихи | 4.1.2. | 42.692 | 25.979 |
| **Вкупно тековни средства** | | **106.678** | **102.853** |
| **Постојани средства** | 4.2. | | |
| Нематеријални средства | 4.2.1. | 1.308 | 1.284 |
| Материјални средства | 4.2.2. | 34.741 | 43.542 |
| **Вкупно постојани средства** | | **36.049** | **44.826** |
| **Вкупна актива** | | **142.727** | **147.679** |
| **Пасива** | | | |
| **Тековни обврски** | 4.3. | | |
| Краткорочни обврски спрема добавувачи | 4.3.1. | 59.125 | 72.949 |
| Краткорочни финансиски обврски | 4.3.2. | 68 | 68 |
| Краткорочни обврски за плати и други обврски спрема вработените | 4.3.3. | 4.793 | 3.852 |
| **Вкупно тековни обврски** | | **63.986** | **76.874** |
| **Извори на средства** | | | |
| Извори на капитални средства | 4.4. | 78.741 | 70.805 |
| **Вкупно извори на деловни средства** | | **78.741** | **70.805** |
| **Вкупна пасива** | | **142.727** | **147.679** |

ПРЕГЛЕД
НА ПРОМЕНИ НА ИЗВОРИ НА КАПИТАЛНИТЕ СРЕДСТВА ЗА 2020 ГОДИНА

**во 000 денари**

| **О П И С** | **Државен јавен капитал** | **Останат капитал (залихи на материјали, резервни делови и ситен инвентар и хартии од вредност)** | **Вкупно** |
|---|---|---|---|
| **Состојба 01.01.2020 година** | **44.826** | **25.979** | **70.805** |
| **Зголемување по основ на:** | **20.666** | **74.865** | **95.531** |
| Набавки | 17.805 | 74.865 | **92.670** |
| Ревалоризација на капитални средства | 2.735 | | **2.735** |
| Донации | 126 | | 126 |
| **Намалување по основ на:** | **29.443** | **58.152** | **87.595** |
| Отпис на капитални средства | 22 | 58.152 | **58.174** |
| Ревалоризација на отпишани капитални средства | 2.179 | | **2.179** |
| Амортизација | 27.242 | | **27.242** |
| **Состојба 31.12.2020 година** | **36.049** | **42.692** | **78.741** |